**20252454760**

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.20. од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 17 став (1) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/23), а во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19 и 103/19), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА 2026 ГОДИНА НА НАЦИОНАЛНИОТ ОПЕРАТОР НА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – МЕМО ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија за 2026 година на МЕМО ДООЕЛ Скопје се одобрува да изнесува 96.112.610 денари.
2. Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија се утврдува да изнесува 0,0141 ден/kWh за планирани номинирани количини на електрична енергија на учесниците на пазарот на електрична енергија од 6.814.521.781 kWh.
3. Регулираната просечна тарифа од точка 2 на оваа одлука се применува во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31 декември 2026 година.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

УП1 бр. 08-1955/25
5 декември 2025 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.